Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, Известувањето од Трговското радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, наш арх.бр.08-2797/1 од 16.7.2026 г., Изјава за престанување со емитување на телевизиска програма од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, бр.УЗП 1181/2026 и Изјава од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 1180/2026, двете од 16.7.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2884/8 од 28.7.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 27 седница одржана на 28.7.2026 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-212
29.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-46 од 07.09.2023 година (со период на важност од 5.1.2024 г. до 4.1.2027 г.), кој емитува програма преку преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на локално ниво, на подрачјето на Општина Пробиштип и Општина Кратово, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 16.7.2026 г. ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) достави Известување (наш арх.бр.08-2797/1 од 16.7.2026 г.), дека поради лоша финансиска состојба се откажува од Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-46 од 7.9.2023 г. Во прилог на цитираното известување радиодифузерот ги испрати и потребните изјави (заверени на нотар), и тоа: Изјава од единствениот основач/сопственик на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип – Чедо Петров бр.УЗП 1181/2026 од 16.7.2026 г. и Изјава од управителот на радиодифузерот – Емилија Манева-Тасевски бр.УЗП 1180/2026 од 16.7.2026 г. Во изјавите единствениот основач/сопственик и управителот на радиодифузерот изјавија дека ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип од 15.7.2026 г. престанува со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираните писмени изјави, исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Известувањето од Трговското радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, наш арх.бр.08-2797/1 од 16.7.2026 г., Изјавата за престанување со емитување на телевизиска програма од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, бр.УЗП 1181/2026 и Изјавата од управителот на радиодифузерот бр.УЗП 1180/2026, двете од 16.7.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2884/8 од 28.7.2026 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип;
- Управителот на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.